ТЕХНОКОМЕРЦ
АД Скопје
www.tehnokomerc.com.mk

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ КОНСОЛИДИРАНИ РЕЗУЛТАТИ НА ТЕХНОКОМЕРЦ АД СКОПЈЕ И TEHNOKOMERC L.L.C. - КОСОВО**
**За периодот Јануари – Септември 2024 година**

Технокомерц АД - Скопје во периодот Јануари – Септември 2024 година оствари негативен финансиски резултат искажан во консолидираниот неревидиран Биланс на успех.

Значајно е да се напомене дека на 08.02.2024 година отворена е фирма во Косово со назив TEHNOKOMERC L.L.C. која е во целосна сопственост на ТЕХНОКОМЕРЦ АД – Скопје. Вкупните инвестиции за TEHNOKOMERC L.L.C - Косово до 30.09.2024 година изнесуваа 12,232 илјади денари.

**Вкупни приходи (консолидирани)**

Остварените вкупни консолидирани приходи изнесуваат 287,533 илјади денари. Од вкупните приходи 283,997 ијади денари се приходи од продажба, додека останатите приходи достигнаа износ од 2,809 илјади денари. Финансиските расходи во консолидираниот биланс на успех со 30.09.2024 година достигнаа износ од 727 илјади денари.

**Вкупни расходи (консолидирани)**

Вкупни расходи достигнаа износ од 301,711 илјади денари за периодот до 30.09.2024 година. Од вкупните расходи 296,469 илјади денари се расходи од работењето додека финасиските расходи достигнаа износ од 5,242 илјади денари.
Набавната вредност зафаќа 75 % од приходите од продажба.
Од вкупните расходи 1,74% се финасиски расходи додека оператинвите расходи изнесуваат 98,26 % од вкупните расходи остварени со 30.09.2024 година.

**Нето загуба**

Како резултат на намалувањето на оперативните приходи за три индексни поени, во споредба со намалувањето на оперативните расходи, консолидираниот биланс на успех на Технокомерц АД - Скопје и TEHNOKOMERC L.L.C. – Косово за периодот од 01.01-30.09.2024 година оствари загуба од 14,179 илјади денари.

Технокомерц АД Скопје